**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ФИЛМСКА И ТВ МОНТАЖА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 14.04.2023 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Филмска и ТВ монтажа** во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Филмска и ТВ монтажа**, објавен во весникот „Нова Македонија" од 29 март 2023 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **м-р Бојан Секулоски.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Миле Петковски,**
**Проф. Мишо Нетков,**
**Проф. Горан Наумовски,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Бојан Секулоски, роден 1991 година во Скопје, уште од најрани години покажува невообичаен интерес кон аудиовизуелните уметности и технологијата.
Во 2010 година се запишува на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА каде се фокусира на кадрите за дигитална монтажа.
Во 2015 година, се здобива со диплома на истиот универзитет, продолжувајќи го своето образование под менторство на професор Миле Петковски. Истовремено, работи како демонстратор за дигитална монтажа.

Во 2013 година, ја основа својата продукција со име - "Бабот Медиа". Компанијата ја негува едноставната визија за производство на квалитетни корпоративни и комерцијални видеа, а подоцна се насочува и кон 2Д анимација. Со иновативни пристапи и креативни решенија, "Бабот Медиа" е симбол на професионализам и квалитет во аудиовизуелната индустрија во Македонија.
Во 2014 година, откако добива можност да работи со светски познатиот бренд Хјундаи, се вклучува во креирањето на корпоративни видеа, а неговиот талент и креативност, го насочуваат кон улогата на режисер и монтажер.
Во меѓувреме соработува со други познати фирми како што се Адидас, Сименс, Хонда, Петронас и др.
Во својата кариера се потпишува како режисер на повеќе од 30 корпоративни раклами со што најголемиот успех го постигнува во 2017 кога неговото видео во соработка со Македонскиот рели возач Игор Стефановски се најде на светска страна WTCC I на многу престижнисајтови во областа на автомобилизмот. Неколку светски критичари од областа на продуцирање автомобилски видеа, неговото дело го класифицираа како сензационално од причина што беа воведени некои новитети кои до тогаш ретко беа користни во ваков тип на видеа.
Магистерските студии ги започнува на катедрата за дигитална монтажа при ИУ Еуропа Прима - Скопје во 2021 година. Во 2023 година се здобива со научен степен Магистер (м-р) по филмска и телевизиска монтажа со темата: ‘’Создавање на едно филмско дело’’.

**проекти:**

- 2014 Спот на Горан Папаз за МТВ Адриа.

Режисер, директор на фотографија, монтажер и креатор на диг. ефекти
https://www.youtube.com/watch?v=Gucr9hfUgJU

- 2017 краток докуменарен филм за соборување на рекор во областа на автомобилизмот.

Режисер, директор на фотографија и монтажер.
https://www.youtube.com/watch?v=PK0tQuqthpE&t=6s

- 2020- “Јов” Игран филм
- 2020- Маестро/Паладин

Режисер, директор на фотографија и монтажер.
https://www.youtube.com/watch?v=kTbYGgba24c
https://www.youtube.com/watch?v=_qA_4x_ErDY

- 2022 краток филм за работата на компанијата Олимпико.

Режисер, директор на фотографија и монтажер.
https://www.youtube.com/watch?v=-BThCV-SViw

- 2022 –“Фениксот од Кавадарци” игран филм
- 2023  Спот на Мијата и Фолтин

Режисер, директор на фотографија, монтажер и креатор на дигитални ефекти.https://www.youtube.com/watch?v=bz70wpxHkPo

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **м-р Бојан Секулоски** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето Д**оцент** по група предмети од областа **Филмска и ТВ монтажа,** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Миле Петковски,**

______________________________

**Проф. Мишо Нетков,**

__________________________________

**Проф. Горан Наумовски,**

__________________________________

**Скопје, 28.04.2023**